СЛУЖБЕН ВЕСНИК
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Среда, 10 мај 1978
Скопје
Број 18 Год. XXXIV

Претплатата за 1978 година изнесува 400 динари. Овој број чини 10 дин. Жиро сметка 40100-603-12498

188.

Врз основа на член 338 алинеја 1 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија и на член 136 од Деловникот на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничката седница на сите собори, одржана на 28 април 1978 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

I

За претседател на Собранието на Социјалистичка Република Македонија се избира

Благоја Талески, делегат во Општествено-политичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 06-1226
28 април 1978 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Благоја Талески, с. р.

189.

Врз основа на член 338 алинеја 1 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија и на член 139 од Деловникот на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничката седница на сите собори, одржана на 28 април 1978 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗБОР НА ПОТПРЕТСЕДАТЕЛИ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

I

За потпретседатели на Собранието на Социјалистичка Република Македонија се избираат:

Бурхан Адеми, делегат во Општествено-политичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија,

д-р Трајче Грујоски, делегат во Општествено-политичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија,

Мито Мицајков, делегат во Општествено-политичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија и

Шукри Рамо, делегат во Општествено-политичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 06-1225
28 април 1978 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Благоја Талески, с. р.

190.

Врз основа на член 354 став 1 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија и член 27 алинеја 2 од Деловникот на Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ“ број 16/78), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 28 април 1978 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОБОРОТ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

I

За претседател на Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија се избира делегатот

Слободан Арнаудов.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 06-1223
28 април 1978 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
Слободан Арнаудов, с. р.

191.

Врз основа на член 354 став 1 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија и член 27 алинеја 2 од Деловникот на Соборот на општините на Собранието на Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ“, број 16/78), Соборот на општините на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 28 април 1978 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОБОРОТ НА ОПШТИНИТЕ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

I

За претседател на Соборот на општините на Собранието на Социјалистичка Република Македонија се избира делегатот Блашко Јаневски.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 06-1208
28 април 1978 година
Скопје

Претседател
на Соборот на општините,
Блашко Јаневски, с. р.

192.

Врз основа на член 354 став 1 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија и член 24 алинеја 2 од Деловникот на Општествено-политичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ" број 16/78), Општествено-политичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 28 април 1978 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

I

За претседател на Општествено-политичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија се избира делегатот
Ката Лахтова.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 06-1220
28 април 1978 година
Скопје

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
Ката Лахтова, с. р.

193.

Врз основа на член 338 алинеја 2 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија и на член 2 од Законот за избор на претседател и членови на Претседателството на Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ", бр. 16/74), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничката седница на сите собори, одржана на 28 април 1978 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

I

За претседател на Претседателството на Социјалистичка Република Македонија се избира
Видое Смилевски.

II

За членови на Претседателството на Социјалистичка Република Македонија се избираат:

Љупчо Арсов,
Страхил Гигов,
Фируз Демир,
Мети Крлиу,
Владо Малески,
Веселинка Малинска и
д-р Асен Симитчиев.

III

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 06-1228
28 април 1978 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Благоја Талески, с. р.

194.

Врз основа на член 338 алинеја 4 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија и на член 17 од Законот за избор на Делегацијата на Собранието на Социјалистичка Република Македонија во Соборот на републиките и покраините на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија („Службен весник на СРМ", бр. 8/74), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничката седница на сите собори, одржана на 28 април 1978 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА ДЕЛЕГАЦИЈАТА НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО СОБОРОТ НА РЕПУБЛИКИТЕ И ПОКРАИНИТЕ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

I

За членови на Делегацијата на Собранието на Социјалистичка Република Македонија во Соборот на републиките и покраините на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија се избираат:

Урош Андреевски,
Васил Гривчев,
Васка Дуганова,
Ацо Ицев,
Ванчо Николовски,
Негре Новаковски,
Мито Пејовски,
Хицет Рамадани,
Мориц Романо,
Асан Керим,
Стојан Косев и
Таки Хамид.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 06-1227
28 април 1978 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Благоја Талески, с. р.

195.

Врз основа на член 338 алинеи 5 и 7 и член 395 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничката седница на сите собори, одржана на 28 април 1978 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА ИЗВРШНИОТ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ЗА ИМЕНУВАЊЕ РЕПУБЛИЧКИ СЕКРЕТАРИ И ДРУГИ ФУНКЦИОНЕРИ

I

Извршниот совет се состои од претседател и 24 членови.

II

За претседател на Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија се избира

Благој Попов.

III

За членови на Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија се избираат:

1. ген. мајор Миле Арнаутовски,
2. Мирко Буневски,
3. Александар Варналиев,
4. Анатоли Дамјановски,
5. Вера Димитрова,
6. инж. Стефан Ѓорѓиевски,
7. Дургут Едиповски,
8. Тахир Кадриу,
9. инж. Љубомир Коруновски,
10. д-р Владимир Митков,
11. Андон Мојсов,
12. Радуле Костовски,
13. Гога Николовски,
14. инж. Томислав Папеш,
15. д-р Ѓорѓи Поповски,
16. Хисен Рамадани,
17. Томислав Симовски,
18. Павле Тасевски,
19. Васил Туџаров,
20. Ристо Филиповски,
21. Милан Хорват,
22. инж. Христо Христоманов,
23. д-р Ѓорѓи Цаца и
24. Петар Џундев.

IV

За републички секретари и други функционери се именуваат:

1. ген. мајор Миле Арнаутовски, за републички секретар за народна одбрана;
2. Мирко Буневски, за републички секретар за внатрешни работи;
3. д-р Ѓорѓи Цаца, за републички секретар за правосудство;
4. Ристо Филиповски, за републички секретар за финансии;
5. Дургут Едиповски, за републички секретар за општостопански работи и пазар;
6. инж. Љубомир Коруновски, за републички секретар за индустрија;
7. инж. Христо Христоманов, за републички секретар за земјоделство и шумарство;
8. Александар Варналиев, за републички секретар за сообраќај и врски;
9. Тахир Кадриу, за републички секретар за економски односи со странство;
10. инж. Томислав Папеш, за републички секретар за урбанизам;
11. Андон Мојсов, за републички секретар за труд;
12. Анатоли Дамјановски, за републички секретар за наука и образование;
13. д-р Ѓорѓи Поповски, за републички секретар за култура;
14. Петар Џундев, за републички секретар за здравство и социјална политика;
15. Томислав Симовски, за републички секретар за меѓународни односи;
16. Радуле Костовски, за републички секретар за информации;
17. д-р Владимир Митков, за републички секретар за законодавство и организација и
18. Павле Тасевски, за директор на Републичкиот завод за општествено планирање.

V

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 06-1217
28 април 1978 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Благоја Талески, с. р.

196.

Врз основа на член 338 алинеја 8 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија и на член 91 точка 10 од Деловникот на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничката седница на сите собори, одржана на 28 април 1978 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ИМЕНУВАЊЕ СЕКРЕТАР НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

I

За секретар на Собранието на Социјалистичка Република Македонија се именува

Радослав Славески.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 06-1224
28 април 1978 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Благоја Талески, с. р.

197.

Врз основа на член 338 алинеја 7 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија и член 91 точка 10 од Деловникот на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничката седница на сите собори, одржана на 28 април 1978 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ИМЕНУВАЊЕ СЕКРЕТАР НА ИЗВРШНИОТ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

I

За секретар на Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија се именува

Лазар Лабачевски.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 06-1216
28 април 1978 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Благоја Талески, с. р.

198.

Врз основа на член 354 став 1 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија и член 27 алинеја 2 од Деловникот на Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ" број 16/78), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 28 април 1978 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ИЗБОР НА ПОТПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОБОРОТ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

I

За потпретседател на Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија се избира делегатот
Јордан Мојсов.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 06-1222
28 април 1978 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
Слободан Арнаудов, с. р.

199.

Врз основа на член 27 алинеја 6, а во врска со член 135 од Деловникот на Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ" број 16/78), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 28 април 1978 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ИМЕНУВАЊЕ СЕКРЕТАР НА СОБОРОТ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

I

За секретар на Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија се именува
Живко Тодоровски.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 06-1221
28 април 1978 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
Слободан Арнаудов, с. р.

200.

Врз основа на член 354 став 1 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија и член 27 алинеја 2 од Деловникот на Соборот на општините на Собранието на Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ", бр. 16/78), Соборот на општините на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 28 април 1978 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ИЗБОР НА ПОТПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОБОРОТ НА ОПШТИНИТЕ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

I

За потпретседател на Соборот на општините на Собранието на Социјалистичка Република Македонија се избира делегатот
Назми Исмани.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 06-1207
28 април 1978 година
Скопје

Претседател
на Соборот на општините,
Блашко Јаневски, с. р.

201.

Врз основа на член 27 алинеја 6, а во врска со член 122 од Деловникот на Соборот на општините на Собранието на Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ", бр. 16/78), Соборот на општините на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 28 април 1978 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ИМЕНУВАЊЕ СЕКРЕТАР НА СОБОРОТ НА ОПШТИНИТЕ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

I

За секретар на Соборот на општините на Собранието на Социјалистичка Република Македонија се именува
Даница Анастасова.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 06-1209
28 април 1978 година
Скопје

Претседател
на Соборот на општините,
Блашко Јаневски, с. р.

202.

Врз основа на член 354 став 1 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија и член 24 алинеја 2 од Деловникот на Општествено-политичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ" број 16/78), Општествено-политичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 28 април 1978 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ИЗБОР НА ПОТПРЕТСЕДАТЕЛ НА ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

I

За потпретседател на Општествено-политичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија се избира делегатот

Јездимир Богдански.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 06-1219
28 април 1978 година
Скопје

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
Ката Лахтова, с. р.

203.

Врз основа на член 24 алинеја 6, а во врска со член 124 од Деловникот на Општествено-политичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ" број 16/78), Општествено-политичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 28 април 1978 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ИМЕНУВАЊЕ СЕКРЕТАР НА ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

I

За секретар на Општествено-политичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија се именува

Живко Мартиноски.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 06-1218
28 април 1978 година
Скопје

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
Ката Лахтова, с. р.

204.

Врз основа на член 8 став 2 од Одлуката за личните доходи и другите примања на делегатите и на функционерите што ги избира и именува Собранието на Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ" број 15/78), Административната комисија на Собранието на СРМ, на седницата одржана на 18 април 1978 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ФУНКЦИИТЕ ВО ГРУПИ НА ФУНКЦИИ И ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА КОЕФИЦИЕНТИТЕ

1. Со оваа одлука се распоредуваат функциите во групи на функции и се определуваат коефициентите за утврдување на личните доходи на определени функционери што ги избира Собранието на СРМ и на определени функционери што ги именува Собранието на СРМ.

Прва група на функции

	коефициент
— претседател на Собранието на СРМ; претседател на Извршниот совет на Собранието на СРМ	4,40
— претседател на Уставниот суд на Македонија; командант на Републичкиот штаб за територијална одбрана	4,00

Втора група на функции

— потпретседател на Собранието на СРМ; претседател на собор на Собранието на СРМ; потпретседател на Извршниот совет на Собранието на СРМ	3,90
— републички секретар за народна одбрана; републички секретар за внатрешни работи; републички секретар за финансии; претседател на Комисија за следење на остварувањето на Уставот	3,60

Трета група на функции

— републички секретар за правосудство; републички секретар за индустрија; републички секретар за земјоделство и шумарство; републички секретар за труд; републички секретар за законодавство и организација; директор на Републичкиот завод за општествено планирање; судија на Уставниот суд на Македонија; членови на Извршниот совет кои водат тела; претседател на Комисија за прашања на изборите и именувањата; претседател на Комисија за меѓунационални односи; претседател на Законодавно-правна комисија; претседател на Комисија за надворешно-политички прашања и односи со странство; претседател на Комисија за народна одбрана; претседател на Комисија за следење на спроведувањето на Законот за здружениот труд, секретар на Собранието на СРМ, секретар на Извршниот совет на Собранието на СРМ	3,50
— републички секретар за општостопански работи и пазар; републички секретар за сообраќај и врски; републички секретар за урбанизам, станбени и комунални пра-	

шања; републички секретар за економски односи со странство; републички секретар за образование и наука; републички секретар за култура; републички секретар за здравство и социјална политика; републички секретар за меѓународни односи; републички секретар за информации; претседател на Комисија за информирање; претседател на Комисија за претставки и предлози; претседател на одбор за општествено-економски односи и развој на СЗТ; претседател на одбор за општествено-политички систем на СЗТ; претседател на одбор за внатрешна политика на СЗТ; претседател на одбор за општествено-политички систем на ОПС; претседател на одбор за општествено-економски односи и развојна политика на ОПС; претседател на Комисија за прашања на борците и инвалидите од војната; претседател на Координационото тело за општествена самозаштита 3,40

— претседател на Републички комитет; претседател на републичка комисија; претседател на Административната комисија на Собранието на СРМ; претседател на Комисијата за деловнички прашања; претседател на Одборот за индустрија, енергетика, градежништво и сообраќај на СЗТ; претседател на Одборот за образование, наука и култура; претседател на Одборот за здравство и социјална политика на СЗТ; претседател на Одборот за развој и финансии на СО; претседател на Одборот за општествено-политички односи на СО; претседател на Одборот за внатрешна политика на ОПС 3,30

Четврта група на функции

— заменик на републичкиот секретар за народна одбрана; заменик на републичкиот секретар за внатрешни работи; заменик на републичкиот секретар за финансии; претседател на Одборот за земјоделство и шумарство на СЗТ; претседател на Одборот за услужни дејности на СЗТ; претседател на Одборот за станбено-комунални прашања и урбанизам на СЗТ; претседател на Одборот за урбанизам и станбено-комунални прашања на СО; претседател на Одборот за финансирање и буџет на ОПС; претседател на Советот за научно и техничко творештво; претседател на Советот за просторно планирање 3,20

— заменик на републичкиот секретар за индустрија; заменик на републичкиот секретар за правосудство; заменик на директорот на Републичкиот завод за општествено планирање; заменик на републичкиот секретар за земјоделство и шумарство; заменик на републичкиот секретар за труд; заменик на републичкиот секретар за законодавство и организација; потпретседател на Републичкиот комитет; потпретседател на Републичка комисија 3,10

— заменик секретар на републичкиот секретар за општостопански работи и пазар; заменик на републичкиот секретар за сообраќај и врски; заменик на републичкиот секретар за урбанизам, станбени и комунални прашања; заменик на републичкиот секретар за економски односи со странство; заменик на републичкиот секретар за образование и наука; заменик на републичкиот секретар за култура; заменик на републичкиот секретар за здравство и социјална политика; заменик на републичкиот секретар за меѓународни односи; заменик на републичкиот секретар за информации 3,00

2. Функцијата претседател на работно тело е вреднувана заради исплата на разлика за вршење на функцијата според член 4 од Одлуката за личните доходи и другите примања на делегатите и функционерите што ги избира и именува Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1978 година.

АДМИНИСТРАТИВНА КОМИСИЈА НА СОБРАНИЕТО НА СРМ

Бр. 12-128
18 април 1978 година
Скопје

Претседател,
Бурхан Адеми, с. р.

205.

Врз основа на член 8 став 2 од Одлуката за личните доходи и другите примања на делегатите и на функционерите што ги избира и именува Собранието на Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ" број 15/78) и точка 7 од Самоуправната спогодба за заедничките основи и мерила за утврдување и усогласување на личните доходи и другите примања на функционерите во Републиката и делегатите во Собранието на Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ" број 1/78), Административната комисија на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 18 април 1978 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ФУНКЦИИТЕ И ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА КОЕФИЦИЕНТИТЕ ЗА ФУНКЦИОНЕРИТЕ ШТО ГИ ИЗБИРА ОДНОСНО ИМЕНУВА СОБРАНИЕТО НА СРМ, А КОИ НЕ СЕ РАСПОРЕДЕНИ ВО ГРУПИТЕ НА ФУНКЦИИ

1. Со оваа одлука се утврдуваат функциите и се определуваат коефициентите за одделните функции на кои Собранието на СРМ избира односно именува функционери, а кои не се распоредени во групите на функциите со Одлуката за распоредување на функциите во групи на функции и за определување на коефициентите.

2. Месечниот износ на личниот доход на функционерите од точка 1 се утврдува на тој начин што основицата што ќе ја утврди Комисијата за следење на спроведувањето на Самоуправната спогодба, се зголемува со следните коефициенти:

Функција	Коефициент
— Директор на Фондот за кредитирање на побрзиот стопански развиток на недоволно развиените краишта на Македонија; виши советник на Собранието на СРМ	3,30
— Секретар на Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ	3,10
— Заменик на секретарот на Собранието на СРМ; секретар на собор на Собранието на СРМ; секретар на Кабинетот на претседателот на Собранието на СРМ	3,00
— Секретар на републичка комисија што на таа функција го избира или именува Собранието на СРМ; самостоен советник на Собранието на СРМ	2,90
— Советник на Собранието на СРМ	2,70

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1978 година.

АДМИНИСТРАТИВНА КОМИСИЈА НА СОБРАНИЕТО НА СРМ

Бр. 12-1279
18 април 1978 година
Скопје

Претседател,
Бурхан Адеми, с. р.

206.

Врз основа на член 376, став 1, алинеја 8 од Уставот на СРМ, а во врска со член 1, 2 и 9 од Законот за помилување, Претседателството на СРМ, на седницата одржана на 19 април 1978 година, донесува

О Д Л У К А
ЗА ПОМИЛУВАЊЕ НА ОСУДЕНИ ЛИЦА

I

Изречената условна осуда се брише од казнената евиденција на:

1. Љубомир Димитар Крстевски, од Битола.

II

Неиздржаниот дел од казната се прости на:

1. Божидар Васиљевиќ, од Скопје,
2. Киро Илија Манчев, од Скопје,
3. Ангеле Борис Петровски, од Скопје,
4. Милорад Јордан Георгиев, од Скопје.

III

Неиздржаниот дел од казната им се намали за 6 месеци на:

1. Ане Максим Трајчевски, од с. Сараќино,
2. Никола Јане Георгиевски, од с. Белимбегово,
3. Шефки Риза Вејсели, од с. Гарани,
4. Тодор Благој Лазаров, од с. Владевци,
5. Стојмен Веселин Петков, од Скопје,
6. Никола Панде Стојменов, од Струмица.

IV

Неиздржаниот дел од казната се намали за 9 месеци на:

1. Живко Стојан Јовановски, од Куманово.

V

Неиздржаниот дел од казната се намали за 1 година на:

1. Стефан Тимо Ристов, од Штип,
2. Аљо Омер Хаџибулиќ, од Скопје,
3. Ратко Јован Неделковски, од Битола,
4. Богоја Јован Цветановски, од Скопје,
5. Панче Димитар Предарски, од Струмица,
6. Станко Ѓорѓи Петков, од с. Богданци.

VI

Неиздржаниот дел од казната се замени со условна осуда со тоа што таа нема да се изврши ако осудените во рок од 1 година не сторат ново кривично дело на:

1. Амет Асан Усинов, од с. Конче,
2. Ѓорѓи Благоја Христоски, од Прилеп,
3. Билали Адем Исамедин, од Тетово,
4. Коста Иван Каишоски, од с. Јабланице,
5. Благоја Борис Кузмановски, од с. Горно Лисиче,
6. Димитар Блаже Цековски, од Струмица,
7. Киро Цветан Диновски, од Битола
8. Сами Рамадан Бекири, од Скопје,
8. Џевад Ибо Демиров, од Радовиш,
9. Љупчо Илија Трајковски, од Крушево.

VII

Изречената казна се замени со условна осуда со тоа што таа нема да се изврши ако осуденият во рок од 1 година не стори ново кривично дело на:

1. Димитар Борис Манџуков, од Гевгелија,
2. Радослав Спасо Лалиќ, од Тетово,
3. Аземи Ружди Руиде, од Скопје.

VIII

Изречената казна затвор во траење од 6 месеци се замени со условна осуда со тоа што таа нема да се изврши ако осудените во рок од 1 година не сторат ново кривично дело на:

1. Харун Ќазим Бабачиќ, од с. Љубин,
2. Сулејман Факир Бабачиќ, од с. Љубин,
3. Иљаз Исмаил Бабачиќ, од с. Љубин,
4. Адил Елмаз Бабачиќ, од с. Љубин,
5. Илија Левко Чортановски, од Скопје,
6. Стојан Крсто Илиевски, од Скопје.

IX

Изречената казна затвор во траење од 4 месеци се замени со условна осуда со тоа што таа нема да се изврши ако осуденият во рок од 1 година не стори ново кривично дело на:

1. Алија Рамадан Селвет, од с. Синѓелиќ.

X

Изречената казна затвор во траење од 5 месеци се замени со условна осуда со тоа што таа нема да се изврши ако осуденият во рок од 1 година не стори ново кривично дело на:

1. Благоја Никола Талевски, од Битола,

XI

Изречената казна затвор во траење од 3 месеци се замени со условна осуда со тоа што таа нема да се изврши ако осуденият во рок од 1 година не стори ново кривично дело на:

1. Стафа Али Ирфан, од с. Селокуќи.

XII

Изречената казна затвор во траење од 1 година се замени со условна осуда со тоа што таа нема да се изврши ако осуденият во рок од 2 години не стори ново кривично дело на:

1. Мемед Мемед Ливерека, од Скопје.

XIII

Неиздржаниот дел од казната се замени со условна осуда со тоа што таа нема да се изврши ако осудените во рок од 2 години не сторат ново кривично дело на:

1. Борис Павле Стојчевски, од Скопје,
2. Ѓорѓи Страхил Јаневски, од Гевгелија.

XIV

Изречената казна затвор се замени со условна осуда со тоа што нема да се изврши ако осудениот во рок од 2 години не стори ново кривично дело на:

1. Сејфула Бекир Мулаки, од Кочани.

XV

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Број 08-393
19 април 1978 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
Видое Смилевски, с.р.

207.

Врз основа на член 376, став 1, алинеја 8 од Уставот на СРМ, а во врска со член 1, 2 и 9 од Законот за помилување, Претседателството на СРМ, на седницата одржана на 3. IV. 1978 година, донесува

О Д Л У К А

ЗА ПОМИЛУВАЊЕ НА ОСУДЕНИ ЛИЦА

I

Неиздржаниот дел од казната се прости на:

1. Јани Методиев Ташев, од с. Три Чешми

II

Неиздржаниот дел од казната им се намали за 1 година на:

1. Боривоје Цветан Стојановски, од Скопје,
2. Зоран Никола Јанчевски, од с. Враништа.

III

Неиздржаниот дел од казната се намали за 6 месеци на:

1. Димче Ефтим Стојанов, од с. Таринци,
2. Миле Стојан Георгиевски, од с. Блаце,
3. Трајан Спиро Стојменов, од Делчево,
4. Арслан Вејсел Арслани, од Скопје,
5. Благоја Трајан Ралевски, од с. Беранци,
6. Никола Најденко Сидоровски, од с. Бела Црква,
7. Васо Ристо Јанчев, од с. Ваташа,
8. Целал Јусуф Јакуповиќ, од Скопје.

IV

Изречената казна затвор во траење од 3 месеци им се замени со условна осуда со тоа што таа нема да се изврши, ако осудените во рок од 1 година не сторат ново кривично дело на:

1. Цветан Трајко Андоновски, од с. Брезово,
2. Уке Нуредин Исмаиловски, од с. Бајрамовци.

V

Неиздржаниот дел од изречената казна затвор му се замени со условна осуда, со тоа што неиздржаниот дел нема да се изврши ако осудениот во рок од 1 година не стори ново кривично дело на:

1. Борис Лазар Николовски од с. Горно Лакочереј.

VI

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Број 08-299
3 април 1978 година
Скопје

Член на Претседателството
на СРМ,
Љупчо Арсов, с.р.

208.

Врз основа на член 7, став 3 од Законот за пренесување на средствата на Социјалистичка Република Македонија за инвестиции во стопанството врз организациите на здружениот труд („Службен весник на СРМ", број. 9/74, 20/74, 25/76, 15/77, 42/77 и 17/78), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесува

У Р Е Д Б А

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА УСЛОВИТЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ЗА ИНВЕСТИЦИЈ ВО СТОПАНСТВОТО ШТО СЕ ПРЕНЕСЕНИ НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД ЗА ПОКРИВАЊЕ НА ЗАГУБИ ИСКАЖАНИ ПО ЗАВРШНИТЕ СМЕТКИ ЗА 1976 ГОДИНА

Член 1

Во Уредбата за условите за користење на средствата за инвестиции во стопанството што се пренесени на организациите на здружениот труд за покривање на загуби искажани по завршните сметки за 1976 година („Службен весник на СРМ", број 16/77), во називот и во член 1 годината „1976" се заменува со „1977".

Член 2

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Број 23-968/1
24. април 1978 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
Благој Попов, с.р.

209.

Врз основа на член 65 од Законот за избор на делегации и делегати во собранијата на самоуправните интересни заедници („Службен весник на СРМ" број 8/74 и број 3/78), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесува

О Д Л У К А

ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА БРОЈОТ НА ДЕЛЕГАТИТЕ ВО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИЧКАТА ЗАЕДНИЦА ЗА ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ И ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ДЕЛЕГАТСКИТЕ ЕДИНИЦИ И БРОЈОТ НА ДЕЛЕГАТИТЕ ШТО СЕ ИЗБИРААТ ВО СЕКОЈА ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА

Член 1

Собранието на Републичката заедница за основно образование го сочинуваат 80 делегати.

Член 2

Собранијата на општинските заедници за образование избираат 68 делегати во следниве делегатски единици:

I ДЕЛЕГАТИ ОД ОПШТИНСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ

Ред. број	Општина	Од редот на работниците, работните луѓе и граѓаните — 34 делегати	Од редот на работните луѓе во образованието — 34 делегати	Вкупно 68 делегати
1	2	3	4	5
1.	Берово	1	1	2
2.	Битола	1	1	2
3.	Валандово	1	1	2
4.	Виница	1	1	2
5.	Гази-Баба	1	1	2
6.	Гевгелија	1	1	2
7.	Гостивар	1	1	2
8.	Дебар	1	1	2
9.	Делчево	1	1	2
10.	Демир Хисар	1	1	2
11.	Кавадарци	1	1	2
12.	Карпош	1	1	2
13.	Кисела Вода	1	1	2
14.	Кичево	1	1	2
15.	Кочани	1	1	2
16.	Кратово	1	1	2
17.	Крива Паланка	1	1	2
18.	Крушево	1	1	2
19.	Куманово	1	1	2
20.	Македонски Брод	1	1	2
21.	Неготино	1	1	2
22.	Охрид	1	1	2
23.	Прилеп	1	1	2
24.	Пробиштип	1	1	2
25.	Радовиш	1	1	2
26.	Ресен	1	1	2
27.	Свети Николе	1	1	2
28.	Струга	1	1	2
29.	Струмица	1	1	2
30.	Тетово	1	1	2
31.	Титов Велес	1	1	2
32.	Центар	1	1	2
33.	Чаир	1	1	2
34.	Штип	1	1	2

Член 3

Општествените организации и здруженијата на граѓаните од општ интерес за Републиката избираат 12 делегати во следниве делегатски единици:

II ДЕЛЕГАТИ ОД ОПШТЕСТВЕНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ И ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИТЕ

Р. бр.	Општествени организации и здруженија на граѓаните—10 делегати	Број на делегати
1	2	3
1.	Андрагошко друштво на СРМ	1
2.	Друштво на педагози	1
3.	Здружение на дефектолози	1
4.	Културно-просветна заедница на Македонија	1
5.	Матица на иселениците од Македонија	1
6.	Републички одбор на движењето „Науката на младите“	1
7.	Републички совет за народна техника на СРМ	1
8.	Совет на друштвата за грижи и воспитување на децата и младината на СРМ	1
9.	Совет за техничко воспитување на младината на СРМ	1
10.	Сојуз на работничките и народни универзитети	1
11.	Сојуз на физичката култура на Македонија	1
12.	Црвен крст на Македонија	1

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 23-872/1
12 април 1978 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
Благој Попов, с.р.

210.

Врз основа на член 13, став 3 од Законот за експропријација („Службен весник на СРМ“ број 47/73), а во врска со чл. 40, став 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на СРМ“ број 15/73) и чл. 169, став 2 од Деловникот на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија („Службен весник на СРМ“ број 24/76), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесува

О Д Л У К А
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОПШТИОТ ИНТЕРЕС ЗА ИЗГРАДБА НА ИНВЕСТИЦИОНЕН ОБЈЕКТ — ЛЕАРНИЦА ЗА ОБОЕНИ МЕТАЛИ ПОКРАЈ ПАТОТ БР. 503 ШТИП-СТРУМИЦА ВО ОПШТИНА РАДОВИШ

1. Се утврдува општиот интерес за изградба на инвестиционен објект — Леарница за обоени метали на местото Набантлк во општина Радовиш на левата страна покрај патот бр. 503 Штип-Струмица на 30 км, на дел од КП. бр. 1732, со површина од околу 6,0 ха.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 23-873/1
24 април 1978 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
Благој Попов, с.р.

211.

Врз основа на член 9 од Одлуката за утврдување категории на функции и за височината на личните доходи и другите надоместоци на функционерите и работниците што ги именува односно назначува Извршниот совет или што се именуваат или назначуваат во согласност со Извршниот совет („Службен весник на СРМ“ број 25/75; 41/75; 1/76), Комисијата за кадровски и административни прашања на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија, на седницата одржана на 7. 4. 1978 година, донесува

О Д Л У К А
ЗА ВИСОЧИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ОДВОЕН ЖИВОТ ОД СЕМЕЈСТВОТО

1. Функционерите и работниците што ги именува односно назначува Извршниот совет или што се именуваат или назначуваат во согласност со Извршниот совет, а живеат одвоено од своето семејство имаат право на надоместок за одвоен живот во месечен износ од 2. 000 динари.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“ а ќе се применува од 1 јануари 1978 година.

Број 17-881/1
7 април 1978 година
Скопје

Комисија за кадровски и административни прашања
Претседател,
Вера Димитрова, с. р.

212.

Врз основа на член 43 став 3 од Законот за внатрешни работи („Службен весник на СРМ“ број 45/72 и 31/74), републичкиот секретар за внатрешни работи пропишува

П Р А В И Л Н И К

ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИ ВО ОРГАНИТЕ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ ШТО ИМААТ СВОЈСТВО НА ОВЛАСТЕНИ СЛУЖБЕНИ ЛИЦА

Член 1

Во Правилникот за определување на работници во органите за внатрешни работи што имаат својство на овластени службени лица („Службен весник на СРМ“, број 41/73, 22/76, 30/77 и 43/77), во член 1 став 2 точка 4 по зборовите „во врските“ се додаваат зборовите „и инвестиции и градба“.

Член 2

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Број 05-5691/1
20 април 1978 година
Скопје

Републички секретар за внатрешни работи,
Мирко Буневски, с.р.

213.

Врз основа на член 339, став 3, точка 1 од Законот за извршување на кривичните санкции („Службен весник на СРМ“, број 47/73), републичкиот секретар за здравство и социјална политика пропишува

П Р А В И Л Н И К

ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА МЕРКИТЕ ЗА БЕЗБЕДНОСТ, УПАТУВАЊЕ НА ЗАДОЛЖИТЕЛНО ПСИХИЈАТРИСКО ЛЕКУВАЊЕ И ЧУВАЊЕ ВО ЗДРАВСТВЕНА ОРГАНИЗАЦИЈА И ЗАДОЛЖИТЕЛНО ПСИХИЈАТРИСКО ЛЕКУВАЊЕ НА СЛОБОДА

Член 1

Со овој правилник се утврдува начинот на извршување на мерките за безбедност, упатување на задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена организација и задолжително психијатриско лекување на слобода, за лица кои сториле кривично дело во состојба на непресметливост или битно намалена пресметливост.

Член 2

Мерката за безбедност упатување на задолжително психијатриско лекување и чување се извршува во Болницата за душевни и нервни болести — Вардовци, Болницата за нервни болести — Демир Хисар или Болницата за нервни и душевни болести — Негорци.

Член 3

Мерката за безбедност задолжително психијатриско лекување на слобода, може да се извршува во една од болниците од член 2 на овој правилник и во Неуропсихијатриската клиника на Медицинскиот факултет — Скопје, како и во неуролошките одделенија на медицинските центри.

Член 4

Задолжителното психијатриско лекување и чување во здравствената организација се врши според посебна програма која ја утврдува стручна група на работници во здравствената организација, составена од специјалист за нервни и душевни болести, психолог и социјален работник.

Задолжителното психијатриско лекување на слобода се врши според програмата на здравствената организација за лекување на непресметливи или битно намалено пресметливи лица, на кои не им е изречена мерка за безбедност.

Член 5

Евиденцијата што се води во здравствената организација за секое непресметливо или битно намалено пресметливо лице на кое е изречена мерка за безбедност упатување на задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена организација или задолжително психијатриско лекување на слобода, покрај општите генералии, ги содржи показателите за поведението на тие лица од кои ќе се види дали здравствената состојба се подобрува, останува иста или се влошува.

Член 6

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Број 0101-2344
6 април 1978 година
Скопје

Републички секретар за здравство и социјална политика,
Јездимир Богдански, с.р.

214.

Врз основа на член 339 став 1 точка 12 од Законот за извршување на кривичните санкции („Службен весник на СРМ“, бр. 47/73), републичкиот секретар за правосудство пропишува

У П А Т С Т В О

ЗА ТАБЛИЦАТА НА КАЛОРИЧНАТА ВРЕДНОСТ ЗА ИСХРАНАТА НА ОСУДЕНИТЕ ЛИЦА ВО КАЗНЕНО-ПОПРАВНИТЕ УСТАНОВИ И МАЛОЛЕТНИЦИТЕ ВО ВОСПИТНО-ПОПРАВНИОТ ДОМ

1. Со ова упатство се утврдува таблица на калоричната вредност за исхраната на осудените и малолетните лица во казнено-поправните установи и Воспитно-поправниот дом.

2. Исхраната се состои од три оброка дневно, со вкупна калорична вредност за едно лице и тоа:

а) за осудени лица на казна затвор најмалку 2.500 калории,

б) за осудени на малолетнички затвор и малолетни лица на кои им е изречена воспитна мерка упатување во воспитно-поправен дом (во натамошниот текст малолетници) најмалку 3.500 калории.

3. За приготвување на исхраната, дневно за едно лице, се потребни прехранбените артикли дадени во следнава таблица:

Таблица

Видови на артикли	За осудени лица		за малолетн	
	гр.	калории	гр.	калории
Леб — пченичен	500	1.265	850	1.644
Месо	85	124	85	124
Грав	200	622	200	622
Маст-зејтин	30	270	60	540
Шеќер	30	120	50	200
Брашно за запршка	20	72	20	72
Кромид за запршка	10	5	10	5
Чај или кафе	—	24	—	24
Говедска или друга супа	—	—	—	269
Вкупно:	—	2.502	—	3.500

Во приготвувањето на храната, според ова упатство, по потреба се употребуваат и разни зачини (сол, црвен пипер и друго). Со листата на јадење се обезбедува секое осудено и малолетно лице да добие трипати во седмицата по 200 грама месо.

4. На осудени лица и малолетници, со оглед на нивната возраст, здравствената состојба, видот, тежината и условите на работата им се зголемува количината и калоричната вредност на храната најмалку за 1.000 калории дневно.

5. Храната според таблицата од точка 3 треба да биде разновидна и во текот на седмицата да се изготвува од разни прехранбени артикли.

6. Листата на јадења се определува седум дена однапред и во иста седмица ист вид јадење не може да се приготви повеќе од три-пати.

7. Замената на одделни прехранбени артикли со други треба да се врши така што ќе се обезбеди калоричната вредност на храната предвидена во точка 3.

8. При спроведувањето или преместувањето на осудените лица и малолетници, доколку не може да им се обезбеди топол оброк им се дава сува храна во количина и калорична вредност предвидени во точка 3 од ова упатство.

9. Ова упатство влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Број 0301-699
23 март 1978 година
Скопје

Републички секретар за правосудство,
д-р Ѓорѓи Цаца, с.р.

215.

ИЗВЕШТАЈ НА РЕПУБЛИЧКАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА ЗА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИЗБОРОТ НА ДЕЛЕГАТИТЕ ВО СОБОРОТ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД НА СОБРАНИЕТО НА СР МАКЕДОНИЈА

ДО СОБОРОТ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

Републичката изборна комисија за избор на делегати во соборите на Собранието на Социјалистичка Република Македонија ги прими изборните акти од општинските изборни комисии за избор на делегати во соборите на Собранието на СРМ и откако ги разгледа, во смисла на член 47 став 2 од Законот за избор на делегати во соборите на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

ЗА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИЗБОРОТ НА ДЕЛЕГАТИТЕ ВО СОБОРОТ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Износите на средствата утврдени во членот 3 од овој договор можат да се зголемат и за делот на средствата на самоуправните интересни заедници што ќе се употребат:

— за покривање на недостигот на средствата на здравственото осигурување на земјоделците;

— за трошоците во врска со заштитата на спомениците на културата;

— за трошоците направени за описменување на возрасните лица; и

— за изградба и опремување на згради за основното образование, за потребите на здравствената служба, детската заштита и физичката култура.

Зголемувањето на износите од членот 3 од овој договор по основ на одредбите од алинејата 4 од овој член може да изнесува најмногу до 3% од износите утврдени со членот 3.

Учесниците во овој договор се согласија преку политиката на стапките на придонесите од доходот и од личните доходи со општествениот договор што ќе се склучи на ниво на општината да се обезбеди средствата да се утврдат во рамките на износите утврдени со членот 3 и 4 од овој договор.

При утврдувањето на висината на средствата на поодделните самоуправни интересни заедници, со договорот од став 4 на овој член ќе се обезбеди определен приоритет на средствата за финансирање на образованието и социјалната заштита.

Член 5

Учесниците во овој договор се согласија да ги преземат потребните мерки, со одлуките на општинските самоуправни интересни заедници или со посебен договор да се овозможи делот на придонесот пресметан од доходот што е резултат на извршениот извоз на стоки и услуги да им се отстапи во целина или делумно на организациите на здружениот труд што го пресметале тој придонес.

Член 6

Динамиката на користењето на средствата од член 3 и 4 на овој договор, по тримесечја, може да изнесува:

— за периодот јануари — март, до 23%
— за периодот јануари — јуни, до 48%
— за периодот јануари — септември, до 75% и
— за периодот јануари — декември, до 100%.

Член 7

Ако според податоците за остварените приходи на одделна самоуправна интересна заедница, по тримесечја, се утврди дека е уплатен повисок износ на приходи од утврдената динамика според член 3, 4 и 6 од овој договор, таа ќе донесе одлука за враќање на повеќе уплатените приходи, преку намалување на стапката на придонесот односно стапката на придонесот да не се применува во наредните месеци, зависно од висината на повеќе уплатените приходи.

Повеќе остварените приходи можат да се користат како приходи во наредното тримесечје, доколку приходите за тоа тримесечје не се остваруваат според утврдената динамика од членот 6 од овој договор.

Во рамките на утврдениот глобал на средства според членот 3, 4 и 6 од овој договор, евентуално повеќе остварените приходи кај одделна самоуправна интересна заедница можат да се користат за покривање на недоволниот прилив на средства кај друга самоуправна интересна заедница, доколку тоа се предвиди во договорот од член 4 став 4 од овој договор.

Член 8

Учесниците на овој договор се согласуваат Службата на општественото книговодство да го следи применувањето на договорот и врз основа на податоците од образецот „Б — 2" да го контролира остварувањето на средствата за заеднички потреби утврдени во членовите 3, 4 и 6 од овој договор и тоа поодделно за секоја општина односно самоуправна интересна заедница.

Ако одделна самоуправна интересна заедница не постапи според одредбите на член 7 од овој договор, Службата на општественото книговодство, врз основа на податоците за остварените приходи за шест, девет и дванаесет месеци, повеќе уплатените приходи ќе ги издвои на посебни сметки.

Член 9

Средствата од став 2 на член 8 издвоени на посебни сметки ќе им се вратат на организациите на здружениот труд на основа на посебен договор.

Член 10

Изменување и дополнување на овој договор може да се изврши според постапката по која е и склучен.

Член 11

Овој договор е потпишан на 9 март 1978 година, а ќе се применува за 1978 година.

Овој договор ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Број 23-355/1
30 март 1978 година
Скопје

Потписници:

1. Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија
2. Собранието на општината Берово
3. Собранието на општината Битола
4. Собранието на општината Валандово
5. Собранието на општината Виница
6. Собранието на општината Гевгелија
7. Собранието на општината Гостивар
8. Собранието на општината Дебар
9. Собранието на општината Делчево
10. Собранието на општината Демир Хисар
11. Собранието на општината Кавадарци

12. Собранието на општината Кичево
13. Собранието на општината Кочани
14. Собранието на општината Кратово
15. Собранието на општината Крива Паланка
16. Собранието на општината Крушево
17. Собранието на општината Куманово
18. Собранието на општината Брод Македонски
19. Собранието на општината Неготино
20. Собранието на општината Охрид
21. Собранието на општината Прилеп
22. Собранието на општината Пробиштип
23. Собранието на општината Радовиш
24. Собранието на општината Ресен
25. Собранието на општината Свети Николе
26. Собранието на општината Струга
27. Собранието на општината Струмица
28. Собранието на општината Тетово
29. Собранието на општината Титов Велес
30. Собранието на општината Штип
31. Собранието на Град Скопје и собранијата на општините: „Центар", „Гази Баба", „Чаир", „Карпош", „Кисела Вода"

188.

Врз основа на член 1 од Уредбата за начинот и постапката за склучување на спогодба за промена на затечените цени на производите и услугите („Службен весник на СРМ" број 41/72), претставниците на индустријата за градежни материјали — прозводителите и претставниците на потрошувачите склучуваат:

С П О Г О Д Б А

ЗА ПРОМЕНА НА ЗАТЕЧЕНИТЕ ЦЕНИ НА ПРОИЗВОДИТЕ ОД ИНДУСТРИЈАТА ЗА ГРАДЕЖНИ МАТЕРИЈАЛИ (ГЛИНЕНИ ПРОИЗВОДИ — БЛОКОВИ) ЗА ИСПОЛНУВАЊЕ НА ЅИДОВИ И КЕРАМИДИ

1. Претставниците на производителите и потрошувачите на производи од индустријата за градежни материјали на 13. III. 1978 година, склучија и потпишаа спогодба за промена на затечените цени на глинените производи — блокови за исполнување на ѕидови и керамиди, со тоа да можат производителите да ги зголемат постојните продажни цени за 12%, според ценовникот што е составен дел на спогодбата.

2. Оваа спогодба влегува во сила од денот на давањето согласност од Републичкиот завод за цени, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

3. На оваа спогодба даде согласност Републичкиот завод за цени, со решение бр. 02-158/2 од 3. IV. 1978 година.

Претставници на производителите: И.Г. „Скопје" — Скопје, „Киро Кучук" — Т. Велес, „КИК" — Куманово, „КИБ" — Битола, „8 Ноември" — Неготино, „Еленица" — Струмица, „Вранештица" — Кичево, „Вардар" — Гостивар, „Победа" — Прилеп, „Црвена Ѕвезда" — Пехчево, „Брегалница" — с. Кучичино, „Славеј" — с. Арбиново, „Слога" — Ресен, „Пролетер" — Виница, „Дримкол" — с. Вевчани, Комунално услужно претпријатие — Цумајлија, и „Неметали" — Тетово.

Претставници на купувачи — потрошувачи: Градежно претпријатие „Бетон" — Скопје, Градежно претпријатие „Пелагонија" — Скопје, „Градежно претпријатие „Маврово" — Скопје, Градежно претпријатие „Гранит" — Скопје, Градежно претпријатие „Илинден" — Скопје, Градежно претпријатие „Козјак" — Куманово, Трговско претпријатие „Караорман" — Скопје, Трговско претпријатие „Јавор" — Битола и Трговско претпријатие „Велеспром" — Т. Велес.

ОПШТИ АКТИ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

ЗАЕДНИЦА НА НАУЧНИТЕ ДЕЈНОСТИ — СКОПЈЕ

189.

Врз основа на член 28 од Статутот на Заедницата на научните дејности, Собранието на Заедницата на 24 седница, одржана на 6 март 1978 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА УТВРДУВАЊЕ СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ НА НАУЧНИТЕ ДЕЈНОСТИ ВО 1978 ГОДИНА

I

Стапките на придонесите на научните дејности во 1978 година изнесуваат:

— 0,34% од доходот на основните организации на здружениот труд и другите организации од член 16 од Законот за самоуправните интересни заедници на научните дејности („Службен весник на СРМ" бр. 5/74);

— 0,45% од личниот доход од работен однос на работниците од член 17 од напредспоменатиот Закон.

II

Одлуката влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1978 година и ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Број 08-589/1
7 март 1978 година
Скопје

Претседател на Собранието на Заедницата,
проф. д-р **Тодор Цунов**, с. р.

РЕПУБЛИЧКА ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ

190.

Врз основа на член 10, став 2 од Законот за избор на делегации и делегати во собранијата на самоуправните интересни заедници („Службен весник на СРМ", број: 3/78), Собранието на Републичката заедница на здравството и здравственото осигурување — Скопје, на заедничка седница на сите собори на делегатите одржана на 11 април 1978 година, д о н е с е

О Д Л У К А

ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА БРОЈОТ НА ДЕЛЕГАТИТЕ И УТВРДУВАЊЕ НА ДЕЛЕГАТСКИТЕ ЕДИНИЦИ ЗА ИЗБОР НА ДЕЛЕГАТИ ВО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИЧКАТА ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — СКОПЈЕ

Член 1

Собранието на Републичката заедница на здравството и здравственото осигурување — Скопје, го сочинуваат: 76 делегати од кои 31 делегат од корисниците на услуги — работници, 17 делегати од корисниците на услуги — земјоделци, 27 делегати на работниците од организациите на здружен труд што вршат здравствена дејност, Републич-

киот завод за здравствена заштита — Скопје, Организацијата на Црвениот крст на Македонија, од здруженијата на граѓаните и 1 делегат од редот на активните воени лица и цивилните лица во служба на вооружените сили на Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

Член 2

Делегатските единици за избирање делегати за Собранието на Републичката заедница на здравството и здравственото осигурување — Скопје, се: собранијата на основните заедници на здравството и здравственото осигурување; собранијата на општинските заедници на здравството и здравственото осигурување кои во својот состав немаат основни заедници, Републичкиот завод за здравствена заштита — Скопје; Републичкиот одбор на Црвениот крст на Македонија; Претседателството на Сојузот на лекарското друштво на Македонија и Претседателството на Здружението на здравствените работници на Македонија; Извршниот одбор на Фармацеутското друштво на Македонија; претседателствата на: Сојузот на друштвата за борба против алкохолизмот, Здружението на лица оболени од мултиплекс склероза на СР Македонија, здружението на дистрофичарите на СР Македонија, Здружението на лечените алкохоличари на СР Македонија, Здружението на дијабетичарите и бубрежни болни; и активните воени лица и цивилните лица во служба на вооружените сили на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, и тоа:

1. ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 1: Собранието на Основната заедница на здравството и здравственото осигурување Центар — Скопје, кое избира 2 делегата и тоа 1 делегат од редот на корисниците на услуги — работници и 1 делегат од редот на работниците од организациите на здружениот труд кои вршат здравствена дејност;

2. ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 2: Собранието на Основната заедница на здравството и здравственото осигурување Карпош — Скопје кое избира 2 делегати и тоа 1 делегат од редот на корисниците на услуги — работници и 1 делегат од редот на работниците од организациите на здружениот труд кои вршат здравствена дејност;

3. ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 3: Собранието на Основната заедница на здравството и здравственото осигурување Чаир — Скопје кои избира 2 делегати и тоа 1 делегат од редот на корисниците на услуги — работници и 1 делегат од редот на работниците од организациите на здружениот труд кои вршат здравствена дејност;

4. ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 4: Собранието на Основната заедница на здравството и здравственото осигурување Гази Баба — Скопје која избира 2 делегати и тоа 1 делегат од редот на корисниците на услуги — работници и 1 делегат од редот на корисниците на услуги — земјоделци.

5. ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 5: Собранието на Основната заедница на здравството и здравственото осигурување Кисела Вода — Скопје, кое избира 2 делегата и тоа 1 делегат од корисниците на услуги — земјоделци и 1 делегат од работниците од организациите на здружениот труд кои вршат здравствена дејност;

6. ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 6: Собранието на Основната заедница на здравството и здравственото осигурување Битола, кое избира 3 делегати и тоа 1 делегат од редот на корисниците на услуги — работници, 1 делегат од редот на корисниците на услуги-земјоделци и 1 делегат од редот на работниците од организациите на здружениот труд кои вршат здравствена дејност;

7. ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 7: Собранието на Основната заедница на здравството и здравственото осигурување Демир Хисар кое избира 1 делегат и тоа од редот на корисниците на услуги — работници;

8. ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 8: Собранието на Основната заедница на здравството и здравственото осигурување Ресен кое избира 1 делегат и тоа од редот на корисниците на услуги — работници;

9. ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 9: Собранието на Основната заедница на здравството и здравственото осигурување Титов Велес кое избира 3 делегати и тоа 1 делегат од редот на корисници на услуги — работници, 1 делегат од редот на корисниците на услуги — земјоделци и 1 делегат од редот на работниците од организациите на здружениот труд кои вршат здравствена дејност;

10. ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 10: Собранието на Основната заедница на здравството и здравственото осигурување Неготино, кое избира 1 делегат и тоа од редот на корисниците на услуги — работници.

11. ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 11: Собранието на Основната заедница на здравството и здравственото осигурување Прилеп кое избира 3 делегати и тоа 1 делегат од редот на корисниците на услуги — работници, 1 делегат од корисниците на услуги земјоделци и 1 делегат од редот на работниците од организациите за здружен труд кои вршат здравствена дејност;

12. ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 12: Собранието на Основната заедница на здравството и здравственото осигурување Крушево кое избира 1 делегат и тоа од редот на корисниците на услуги — работници;

13. ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 13: Собранието на Основната заедница на здравството и здравственото осигурување Македонски Брод кое избира 1 делегат и тоа од редот на корисниците на услуги — работници;

14. ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 14: Собранието на Основната заедница на здравството и здравственото осигурување Струмица кое избира 3 делегати и тоа 1 делегат од редот на корисниците на услуги — работници, 1 делегат од корисниците на услуги — земјоделци и 1 делегат од редот на работниците од организациите на здружениот труд кои вршат здравствена дејност.

15. ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 15: Собранието на Основната заедница на здравството и здравственото осигурување Валандово кои избира 1 делегат и тоа од редот на корисниците на услуги — земјоделците.

16. ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 16: Собранието на Основната заедница на здравството и здравственото осигурување Штип кое избира 3 делегати и тоа 1 делегат од редот на корисниците на услуги — работници, 1 делегат од редот на корисниците на услуги — земјоделци и 1 делегат од редот на работниците од организациите на здружениот труд кои вршат здравствена дејност;

17. ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 17: Собранието на Основната заедница на здравството и здравственото осигурување Виница кое избира 1 делегат и тоа од редот на корисниците на услуги — работници;

18. ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 18: Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото сигурување Тетово кое избира 3 делегати и тоа 1 делегат од редот на корисниците на услуги — работници, 1 делегат од редот на корисниците на услуги — земјоделци и 1 делегат од редот на работниците од организациите на здружениот труд кои вршат здравствена дејност.

19. ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 19: Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување Гостивар кое избира 3 делегати и тоа 1 делегат од редот на корисниците на услуги — работници, 1 делегат од редот на работниците од организациите на здружениот труд кои вршат здравствена дејност.

20. ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 20: Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување Берово кое избира 2

делегати и тоа 1 делегат од редот на корисниците на услуги — работници и 1 делегат од редот на работниците од организациите на здружен труд кои вршат здравствена дејност.

21. ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 21: Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување Дебар кое избира 2 делегати и тоа 1 делегат од редот на корисниците на услуги — работници и 1 делегат од редот на работниците од организациите на здружен труд кои вршат здравствена дејност.

22. ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 22: Собранието на општинската заедница Делчево кое избира 2 делегати и тоа 1 делегат од редот на корисниците на услуги — работници и 1 делегат од редот на работниците од организациите на здружен труд кои вршат здравствена дејност.

23. ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 23: Собранието на општинската заедница на здравството и здравственото осигурување Кавадарци кое избира 2 делегати и тоа 1 делегат од редот на корисниците на услуги — работници и 1 делегат од редот на работниците од организациите на здружен труд кои вршат здравствена дејност.

24. ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 24: Собранието на општинската заедница на здравството и здравственото осигурување Кичево кое избира 2 делегати и тоа 1 делегат од редот на корисниците на услуги — работници и 1 делегат од редот на корисниците на услуги — земјоделци.

25. ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 25: Собранието на општинската заедница на здравството и здравственото осигурување Кочани кое избира 2 делегати и тоа 1 делегат од редот на корисниците на услуги — работници и 1 делегат од редот на работниците од организациите на здружен труд кои вршат здравствена дејност.

26 ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 26: Собранието на општинската заедница на здравството и здравственото осигурување Кратово кое избира 2 делегати и тоа 1 делегат од редот на корисниците на услуги — работници и 1 делегат од редот на работниците од организациите на здружен труд кои вршат здравствена дејност.

27. ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 27: Собранието на општинската заедница на здравството и здравственото осигурување Крива Паланка кое избира 2 делегати и тоа 1 делегат од редот на корисниците на услуги — работници и 1 делегат од редот на корисниците на услуги — земјоделци.

28. ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 28: Собранието на општинската заедница на здравството и здравственото осигурување Куманово кое избира 3 делегати и тоа 1 делегат од редот на корисниците на услуги — работници, 1 делегат од редот на корисниците на услуги — земјоделци и 1 делегат од редот на работниците од организациите на здружен труд кои вршат здравствена дејност.

29. ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 29: Собранието на општинската заедница на здравството и здравственото осигурување Охрид кое избира 3 делегати и тоа 1 делегат од редот на корисниците на услуги — работници, 1 делегат од редот на корисниците на услуги — земјоделци и 1 делегат од редот на работниците од организациите на здружен труд кои вршат здравствена дејност.

30. ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 30: Собранието на општинската заедница на здравството и здравственото осигурување Пробиштип кое избира 2 делегати и тоа 1 делегат од редот на корисниците на услуги — работници и 1 делегат од редот на работниците од организациите на здружен труд кои вршат здравствена дејност.

31. ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 31: Собранието на општинската заедница на здравството и здравственото осигурување Радовиш кое избира 2 делегати и тоа 1 делегат од редот на корисниците на услуги — земјоделци и 1 делегат од редот на работниците од организациите на здружен труд кои вршат здравствена дејност.

32. ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 32: Собранието на општинската заедница на здравството и здравственото осигурување Свети Николе кое избира 2 делегати и тоа 1 делегат од редот на корисниците на услуги — работници и 1 делегат од редот на корисниците на услуги — земјоделци.

33. ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 33: Собранието на општинската заедница на здравството и здравственото осигурување Струга кое избира 2 делегати и тоа 1 делегат од редот на корисниците на услуги — работници и 1 делегат од редот на корисниците на услуги — земјоделци.

34. ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 34: Собранието на општинската заедница на здравството и здравственото осигурување Гевгелија кое избира 2 делегати и тоа 1 делегат од редот на корисниците на услуги — работници и 1 делегат од редот на работниците од организациите на здружен труд кои вршат здравствена дејност.

35. ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 35: Делегацијата на Републичкиот завод за здравствена заштита Скопје која избира 1 делегат

36. ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 36: Републичкиот одбор на Црвениот крст на Македонија кој избира 1 делегат.

37. ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 37: Извршниот одбор на фармацеутското друштво на Македонија кој избира 1 делегат.

38. ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 38: Претседателствата на: Сојузот на лекарското друштво на Македонија и Здружението на здравствените работници на Македонија кои избираат 1 делегат.

39. ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 39: Претседателствата на Сојузот на друштвото за борба против алкохолизмот, Здружението на дистрофичарите на СР Македонија, Здружението на лечените алкохоличари на СР Македонија и Здружението на дијабетичарите и бубрежните болни, кои избираат 1 делегат.

40. ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 40: На активните воени лица на цивилните лица во служба на вооружените сили на Социјалистичка Федеративна Република Југославија кои избираат 1 делегат.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи истоимената одлука бр. 0801/336/1 од 23. февруари 1978 година, што е објавена во „Службен весник на СРМ", бр. 8/78.

Бр. 0801-336/2-78
11 април 1978 година

Претседател на Собранието,
Никола Арсовски, с. р.

ЗАЕДНИЦА НА СТАНУВАЊЕТО — РЕСЕН

191.

Врз основа на член 1 и 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за самоуправните интересни заедници на станувањето („Службен весник на СРМ", бр. 9/78) и член 19 став 1, точка 5 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на станувањето — Ресен, Собранието на Заедницата, на седницата одржана на 28 март 1978 донесе

О Д Л У К А
ЗА УТВРДУВАЊЕ СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА СТАНБЕНА ИЗГРАДБА

Член 1

Работните луѓе од основните организации на здружениот труд и другите самоуправни организации, органи, општествено-политички организации и заедници од стопанството и нестопанството се должни да плаќаат придонес по стапка од 5% применувана на бруто личниот доход и да го внесуваат на сметката на Заедницата на станувањето

Член 2

Обврзници на придонесот од личниот доход по стапка од 5% применувана на бруто личниот доход се работниците вработени кај работните луѓе што работат со средства на трудот во сопственост на граѓаните и користат дополнителен труд на други лица.

Член 3

Обврзник на придонесот за станбена изградба по стапка од 5% е Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Социјалистичка Република Македонија за пензионерите и корисниците на правата од пензиско и инвалидско осигурување.

Основица за пресметување на придонесот од претходниот став е месечниот износ на пензијата.

Член 4

Пресметување и наплатување на придонесот се врши според прописите за даноците на граѓаните.

Член 5

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката бр. 01-220/1 од 07-05-1976 година.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 01 април 1978 година.

Бр. 01-169/1
30 март 1978 година Претседател,
Ресен **Лазе Тутковски,** с.р.

ЗАЕДНИЦА НА КУЛТУРАТА — РЕСЕН

192.

Врз основа на член 32 од Законот за самоуправните интересни заедници на културата, член 57 од Статутот на Општинската самоуправна интересна заедница на културата и член 20 од Самоуправната спогодба за основање на Самоуправна интересна заедница на културата, Собранието на Заедницата, на седницата одржана на 30 март 1978 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА УТВРДУВАЊЕ СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ НА ОПШТИНСКАТА САМОУПРАВНА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА НА КУЛТУРАТА — РЕСЕН

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат стапките на придонесите што ги плаќаат основните организации на здружен труд од доходот и работните луѓе од личниот доход, заради обезбедување средства за финансирање на Општинската самоуправна интересна заедница на културата — Ресен.

Член 2

Стапките на придонесите се утврдуваат:

— од доходот на организациите на здружен труд по стапка од 0,60%;

— од личен доход од работен однос од нестопански дејности — по стапка од 2,00%;

— од личен доход од земјоделска дејност — по стапка од 0,03%;

— од личен доход од самостојно вршење на стопанска дејност — по стапка од 0,15%;

— од личен доход од самостојно вршење на нестопанска дејност — по стапка од 0,15%.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1978 година, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Број 01-46/1
3 април 1978 година Претседател,
Ресен **Ефтим Божиновски,** с.р.

ЗАЕДНИЦА НА ФИЗИЧКАТА КУЛТУРА —РЕСЕН

193.

Врз основа на член 45 од Законот за физичка култура и самоуправните интересни заедници на физичката култура, член 69 од Статутот на Заедницата на физичката култура и член 20 од Самоуправната спогодба за основање заедница на физичката култура, Собранието на Заедницата, на седницата одржана на 20 март 1978 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА УТВРДУВАЊЕ СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ НА ОПШТИНСКАТА САМОУПРАВНА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА НА ФИЗИЧКАТА КУЛТУРА — РЕСЕН

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат стапките на придонесите што ги плаќаат основните организации на здружен труд од доходот и работните луѓе од личниот доход заради обезбедување на средствата за финансирање на Општинската самоуправна интересна заедница на физичката култура на општината Ресен

Член 2

Стапките на придонесите се утврдуваат:

— од доходот на организациите на здружениот труд — по стапка 0,09%;

— од личен доход од работен однос од нестопански дејности — по стапка од 0,60%;

— од личен доход од земјоделска дејност — по стапка од 0,03%;

— од личен доход од самостојно вршење на стопанска дејност — по стапка од 0,15%;

— од личен доход од самостојно вршење на нестопанска дејност — по стапка од 0,15%.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1. I. 1978 година и ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Број 01-27/1
20 март 1978 година
Ресен

Потпретседател,
Христо Ѓеоргиевски, с. р.

ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — СВЕТИ НИКОЛЕ

194.

Врз основа на член 9 став 1 алинеја 6, член 25 став 3 и член 26 од Законот за самоуправните интересни заедници, на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ", бр. 5/74) и член 200 точка 5 од Статутот на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Свети Николе, Собранието на Заедницата, на заедничката седница на Соборот на делегатите корисници на услугите — земјоделци и Соборот на делегатите даватели на услугите, одржана на 29 март 1978 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА УТВРДУВАЊЕ СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСИТЕ НА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ ЗА 1978 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат стапките и износите на придонесите на здравственото осигурување на земјоделците за 1978 година

Член 2

Земјоделските осигуреници ги плаќаат следните придонеси за здравствено осигурување:

1. Осигурениците — земјоделци кои имаат сопствена земја (катастарски доход) ќе плаќаат:

а) по стапка од 6% на катастарскиот доход во кој се содржи 2,50% за задолжителните видови на здравствена заштита и 3,50% за правата што Заедницата сама ги утврдува;

б) по 50,00 динари по член на семејството кои имаат сопствен имот, вклучувајќи ја и главата на

семејството, од кои 20,00 динари на име правата од задолжителните видови на здравствената заштита и 30,00 динари за правата што Заедницата сама ги утврдува;

2. Осигурениците земјоделци кои немаат сопствена земја (катастарски доход) а таква обработуваат под наем и се занимаваат со земјоделие ќе плаќаат:

а) по 350,00 динари на домаќинство, во кои се содржани 150,00 динари на име задолжителни видови на здравствена заштита и 200,00 динари за правата што Заедницата сама ги утврдува;

б) по 50,00 динари по член на семејството вклучувајќи ја и главата на домаќинството, во кое се содржани: 20,00 динари за задолжителни видови на здравствена заштита и 30,00 динари за правата што Заедницата сама ги утврдува.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, ќе се применува од 1. 4. 1978 година и ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Број 10/19 Претседател,
30 март 1978 година **Здравко Богатинов,** с.р.
Свети Николе

195.

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствената заштита на населението („Службен весник на СРМ" бр. 21/71) и член 200 од Статутот на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување Свети Николе, Собранието на општинската заедница на здравството и здравственото осигурување, на заедничката седница на Соборот на делегатите корисници на услугите — земјоделци и Соборот на давателите на услугите, одржана на 29 март 1978 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРАВАТА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ ОСИГУРЕНИЦИ ПРИ КОРИСТЕЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат правата на земјоделските осигуреници при користењето на здравствената заштита.

Член 2

На земјоделските осигуреници им се обезбедува право да ги користат во целост, на товар на фондот, задолжителните видови на здравствената заштита предвидени со одредбите од член 30 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствената заштита на населението („Службен весник на СРМ", бр. 21/71).

Член 3

Целосна здравствена заштита, на товар на фондот на здравственото осигурување, им се обезбедува на сите осигуреници без оглед на возраста во обем на права што Заедницата сама ги утврдува и тоа:

1. амбулантно-поликлиничко лекување (прегледи и услуги), општи и специјалистички;
2. стационарно лекување во сите стационарни здравствени организации кога бидат упатени од лекар на надлежната здравствена работна организација;
3. лекови и санитетски материјал кога се пресметани во цената на услугата и кога се добиваат непосредно од здравствен работник;
4. превоз со кола за брза помош до најблиската здравствена организација во итен случај;
5. вадење, лекување и пломбирање на заби.

Член 4

Земјоделските осигуреници ќе учествуваат во трошоците при користење на здравствена заштита во следните случаи:

1. ако со закон или општ акт на Собранието на Заедницата е одредено учество при користење на здравствена заштита на осигурениците работници;
2. лекови и санитетски материјал кога се препишуваат на рецепт — во висина на учеството на осигурениците работници;
3. ортопедски справи и помагала и заботехничка помош — во висина на учеството на осигурениците работници;
4. за незадолжителни вакцинации во висина на учеството на осигурениците работници.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Број 10/20 Претседател,
1 април 1978 година **Здравко Богатинов,** с.р.
Свети Николе

ЗАЕДНИЦА ЗА ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ — КРИВА ПАЛАНКА

196.

Врз основа на член 9 точка 3 и член 19 од Законот за самоуправните интересни заедници на образованието („Службен весник на СРМ", број 5/74) и член 3 од Статутот на Општинската самоуправна интересна заедница на основно образование — Крива Паланка, Собранието на Заедницата, на седницата одржана на 27 февруари 1978 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА УТВРДУВАЊЕ СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА 1978 ГОДИНА

Член 1

Стапките на придонесите од личен доход за финансирање на основното образование за 1978 година се утврдуваат и тоа:

1. придонес од личен доход од работен однос, по стапка од 5,00%;
2. придонес од личен доход од земјоделска дејност, по стапка од 1,50%;
3. придонес од личен доход од самостојно вршење на стопанска и професионална дејност, по стапка од 6,00%.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1978 година.

Број 69 Претседател,
27 февруари 1978 година **Златко Стојановски,** с.р.
Крива Паланка

С О Д Р Ж И Н А

Страна

188. Одлука за избор на претседател на Собранието на Социјалистичка Република Македонија — — — — — — — — — 481
189. Одлука за избор на потпретседатели на Собранието на Социјалистичка Република Македонија — — — — — — — — — 481
190. Одлука за избор на претседател на Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија — — — — — — — — — 481
191. Одлука за избор на претседател на Соборот на општините на Собранието на Социјалистичка Република Македонија 481
192. Одлука за избор на претседател на Општествено-политичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија — — — — — — — — 482
193. Одлука за избор на претседател и членови на Претседателството на Социјалистичка Република Македонија — — — 482

194. Одлука за избор на членови на Делегацијата на Собранието на Социјалистичка Република Македонија во Соборот на републиките и покраините на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија — — — — — — 482
195. Одлука за избор на претседател и членови на Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија и за именување републички секретари и други функционери — — — — 483
196. Одлука за именување секретар на Собранието на Социјалистичка Република Македонија — — — — — — — — 483
197. Одлука за именување секретар на Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија — 483
198. Одлука за избор на потпретседател на Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија — — — — — — — — 484
199. Одлука за именување секретар на Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија — — — — — — — — — 484
200. Одлука за избор на потпретседател на Соборот на општините на Собранието на Социјалистичка Република Македонија 484
201. Одлука за именување секретар на Соборот на општините на Собранието на Социјалистичка Република Македонија — 484
202. Одлука за избор на потпретседател на Општествено-политичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија — — — — — — — 485
203. Одлука за именување секретар на Општествено-политичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија — — — — — — — — 485
204. Одлука за распоредување на функциите во групи на функции за определување на коефициентите — — — — — — 485
205. Одлука за утврдување на функциите и определување на коефициентите за функционерите што ги избира односно именува Собранието на СРМ, а кои не се распоредени во групите на функции 486
206. Одлука за помилување на осудени лица 487
207. Одлука за помилување на осудени лица 468
208. Уредба за изменување на Уредбата за условите за користење на средствата за инвестиции во стопанството што се пренесени на организациите на здружениот труд за покривање на загуби искажани по завршните сметки за 1976 година — — — — — — — — — 488
209. Одлука за определување на бројот на делегатите во Собранието на Републичката заедница за основно образование и за утврдување на делегатските единици и бројот на делегатите што се избираат во секоја делегатска единица — — — — 488
210. Одлука за утврдување на општиот интерес за изградба на инвестиционен објект — Леарница за обоени метали покрај патот бр. 503 Штип — Струмица во Општина Радовиш — — — — — — 489
211. Одлука за височината на надоместокот за одвоен живот од семејството — — — 489
212. Правилник за дополнување на Правилникот за определување на работници во органите за внатрешни работи што имаат својство на овластени службени лица — — — — — — — — — 490
213. Правилник за извршување на мерките за безбедност, упатување на задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена организација и задолжително психијатриско лекување на слобода — 490
214. Упатство за таблицата на калоричната вредност за исхраната на осудените лица во казнено-поправните установи и малолетниците во воспитно-поправниот дом 490
215. Извештај на Републичката изборна комисија за резултатите од изборот на делегатите во Соборот на здружениот труд на Собранието на СР Македонија — — 491
216. Извештај на Републичката изборна комисија за резултатите од изборот на делегатите во Соборот на општините на Собранието на СРМ — — — — — — 498
217. Извештај на Републичката изборна комисија за резултатите од изборот на делегатите во Општествено-политичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија — — — — — 501

Општествени договори и самоуправни спогодби

186. Општествен договор за висината на средствата од данокот и придонесите од доходот и придонесите од личните доходи како приход на републичкиот буџет и на републичките самоуправни интересни заедници во 1978 година — — — — 504
187. Општествен договор за висината на средствата од придонесите од доходот и од личните доходи како приход на општинските самоуправни интересни заедници во 1978 година — — — — — 505
188. Спогодба за промена на затечените цени на производите од индустријата за градежни материјали (глинени производи блокови) за исполнување на ѕидови и керамиди — — — — — — — — 507

Општи акти на самоуправните интересни заедници

СКОПЈЕ

189. Одлука за утврдување стапките на придонесите на научните дејности во 1978 година — — — — — — — — — 507
190. Одлука за определување на бројот на делегатите и утврдување на делегатските единици за избор на делегати во Собранието на Републичката заедница на здравството и здравственото осигурување — Скопје — — — — — — — — 507

РЕСЕН

191. Одлука за утврдување стапката на придонесот за станбена изградба — — — 509
192. Одлука за утврдување стапките на придонесите на Општинската самоуправна интересна заедница на културата — Ресен — — — — — — — — — 510
193. Одлука за утврдување стапките на придонесите на Општинската самоуправна интересна заедница на физичката култура — Ресен — — — — — — — 510

СВЕТИ НИКОЛЕ

194. Одлука за утврдување на придонесите на здравственото осигурување на земјоделците за 1978 година — — — — — — 511
195. Одлука за правата на земјоделските осигуреници при користење на здравствена заштита — — — — — — — — — 511

КРИВА ПАЛАНКА

196. Одлука за утврдување стапките на придонесите за финансирање на основното образование за 1978 година — — — — 511

Издавач: Работна организација Службен весник на СРМ — Скопје, ул. „29 Ноември" бр. 10а. Пошт. фах 51. Тел. 32-836. Одговорен уредник Петар Јаневски, Жиро сметка број 40100-603-12498 кај Службата на општественото книговодство. Печат Графички завод „Гоце Делчев" — Скопје